С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 2 година XLIV

04 февруари 2009

6.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2009 година

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2009 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 30.01.2009 година.

Број 08-630/7
04.02.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр 5/02), член 23, став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.61/04,96/04 и 67/07), член 1 од Законот за изменување на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката („Сл.весник на РМ" бр. 161/08), член 1 од Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2009 година („Сл.весник на РМ" бр 11/09) и член 45, став 1 од Стаутот на Општина Велес(„Сл гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.01.2009 год.донесе

ОДЛУКА
за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2009 година

Член 1

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2009 година („Сл гласник на Општина Велес" бр.20/08 и 1/09), во член 9, став 1, во алинеа 1 зборот „нето“ се брише.
Понатаму текстот од алинеа 2 се менува и гласи:

„-за вработените кои имаат статус на државни службеници, вредноста на бодот за утврдување на платите за 2009 година изнесува 75,3 денари.“

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес”. Одлуката ќе биде доставена до Министерството за финансии Скопје.

Број 07-592/9
02.02.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

7.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Одлука за утврдување на Нацрт-изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Велес, локалитет-дел од Урбана единица 7 „Алексо Демниевски“, дел од урбан блок 38 - Општина Велес (2008-2013)

Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт-изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Велес, локалитет – дел од Урбана единица 7 „Алексо Демниевски, дел од урбан блок 38 – Општина Велес (2008-2013), што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 30.01.2009 година.

Број 08-630/1
04.02.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.24/08) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.24/08)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.01.2009 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на Нацрт-изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Велес, локалитет дел од урбана единица 7 „Алексо Демниевски“, дел од урбан блок 38 – Општина Велес (2008-2013)

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес утврдува Нацрт-изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Велес локалитет дел од урбана единица 7 „Алексо Демниевски“, дел од урбан блок 38 – Општина Велес.

По утврдувањето на Нацрт-изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од Велес, локалитет дел од урбана единица 7 „Алексо Демниевски“, дел од урбан блок 38 – Општина Велес (2008-2023), Градоначалникот ќе организира Јавна презентација и Јавна анкета.

Член 2

Јавната презентација и Јавната анкета ќе се спроведат со изложување на планот во просториите на Општината.

Времето на изложување на планот за Јавна анкета и денот на одржување на Јавната презентација, ќе бидат објавени со соопштение до јавните гласила и печатени медиуми.

Член 3

По спроведената Јавна презентација и Јавна анкета се изготвува Извештај за прифатените и неприфатените забелешки од страна на Стручна комисија формирана од Градоначалникот.

Извештајот е составен дел на Одлуката за донесување на Предлог-планот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-592/3
02.02.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

8.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Одлука за донесување Детален урбанистички план Урбан блок 8 - Општина Велес (2008-2013)

Се објавува Одлуката за донесување Детален урбанистички план Урбан блок 8 – Општина Велес (2008-2013), што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 30.01.2009 година.

Број 08-630/2
04.02.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 26, став 5, алинеа 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.24/08), член 22, став 1, точка1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 30.01.2009 година донесе

О Д Л У К А
за донесување Детален урбанистички план, Урбан блок „8“- Општина Велес (2008-2013)

Член 1

Со оваа Одлука се врши донесување на Детален урбанистички план, Урбан блок „8“ – Општина Велес (2008-2013).

Документацијата за донесување на Детален урбанистички план е изработена во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.24/08), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.78/06 и 140/07)и Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови („Службен весник на РМ“ бр.78/06).

Член 2

Просторот за кој се донесува Детален урбанистички план, Урбан блок „8“ – Општина Велес (2008-2013) е со површина на урбано подрачје од 5,89 ха.

Дефинирана е следнава граница на урбаното подрачје:

На северозапад границата за почнува со пресек на магистралната улица „Моша Пијаде“ со улица „Васа Кошулчева“ до пресек со крак на улица „Васа Кошулчева“(КП1202).

На исток границата се движи по оската на крак на улица „Моша Пијаде“ до КП1207.

Кон југ границата се движи по парцелите КП1207, КП1205 и КП1204, потоа поминува покрај КП1287, КП1288 и КП1290/2 до пресек со улица „Моша Пијаде“

На југ границата поминува по оската на улица „Моша Пијаде“.

Член 3

Составен дел на оваа Одлука е:

Текстуален дел и графички дел со параметри за спроведување на Детален урбанистички план, Урбан блок „8“ – Општина Велес (2008-2013);

согласност од Министерството за транспорт и врски-Скопје;

извештај од стручната консултација и јавната анкета на Деталниот урбанистички план, Урбан блок „8“ – Општина Велес (2008-2013).

Член 4

За Детален урбанистички план, Урбан блок „8“ – Општина Велес (2008-2013) има добиено Согласност од Министерството за транспорт и врски -Скопје бр.16-14779 од 24.12.2008 година.

Член 5

Деталниот урбанистички план, Урбан блок „8“ – Општина Велес (2008-2013) го потпишува и заверува претседателот на Советот на Општина Велес во 7 (седум) примероци од кои еден примерок се чува во архивата на Општината, еден во Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Велес, еден во Државниот архив на РМ Подрачно одделение Велес, еден во Министерството за транспорт и врски, еден во Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам - Скопје, еден во Државниот завод за геодетски работи подрачна единица Велес и еден примерок се изложува во просториите на Општина Велес за достапност на јавноста.

Член 6

Советот на Општина Велес е должен во рок од 30 дена да обезбеди картирање на планот на хамер или астралон. Картираните подлоги се предаваат на Агенцијата за катастар и недвижности-Одделение за катастар и недвижности Велес на чување и користење.

Член 7

Деталниот урбанистички план, Урбан блок „8“ – Општина Велес (2008-2013) го спроведува Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина при Општина Велес.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 07-952/4
02.02.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

9.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Одлука за утврдување на начинот, локакциите,условите, критериумите и висина на комуналната такса за користење на објекти од комуналната инфраструктура – јавно прометни површини и затворени простори за одржување на јавни собири и други манифестации во рамките на предизборната кампања на организатори на изборната кампања на подрачјето на Општина Велес

Се објавува Одлуката за утврдување на начинот, локакциите,условите, критериумите и висина на комуналната такса за користење на објекти од комуналната инфраструктура – јавно прометни површини и затворени простори за одржување на јавни собири и други манифестации во рамките на предизборната кампања на организатори на изборната кампања на подрачјето на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 30.01.2009 година.

Број 08-630/8
04.02.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 82, став 3 и 6, од Изборниот Законик („Сл. весник на РМ“ бр. 40/06 и 136/08), и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.01.2009 донесе

О Д Л У К А
за утврдување на начиниот, локациите, условите, критериумите и висина на надоместокот за користење на објекти од комуналната инфраструктура – јавно-прометни површини и затворени простори за одржување на јавни собири и други манифестации во рамките на предизборната кампања на организатори на изборната кампања на подрачјето на Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува начинот на користење на објектите од комуналната инфаструктура – јавнио-прометни површини: плоштади, паркинг простори, простори пред урбани заедници, затворени простори-сали, за јавни собири, митинзи и други манифестации во рамките на предизборната кампања.

Член 2

Користење на локации во соодветна квадратура се дозволува само за организаторите на изборната кампања на начин и услови утврдени со оваа Одлука.

Член 3

За користење се одредуваат следните локации:

-Плоштад „Сармаале“

-Паркинг-простор пред Основен суд Велес

-Амфитеатар во Младински парк

-Плоштатки, скверови и друг урбан простор за јавна употреба на територијата на Општина Велес

Член 4

Организаторите на изборната кампања ќе ги користат локациите без надомест, во терминот за политичко претставување според Изборниот законик утврдени од Државната изборна комисија .

Организаторите на изборната кампања се должни по завршувањето на собирот да го соберат сметот направен од учесниците и да го остават на определено место предвидено за таа намена.

Член 5

За користење на затворени простории се одредуваат следните локации:

- Голема сала на Општина Велес и
- Сала „Бели мугри“.

Член 6

Висината на надоместокот за користење на затворени простори се утврдува врз основа на реалните трошоци за тековно и амортизационо одржување на објектите и ангжираниот технички персонал.

Висината на надоместокот за користење на Големата сала во Општина Велес изнесува 2000.00 денари до 2 часа и за секој нареден започнат час надоместокот се зголемува за 500.00 денари од час.

Во трошоците за користење на Големата сала во Општина Велес не се засметани трошоците за озвучување.

Висината на надоместокот за користење на Сала „Бели мугри“ изнесува 3000.00 денари до 2 часа и за секој нареден започнат час надоместокот се зголемува за 1000.00 денари од час.

Во трошоците за користење на Сала „Бели мугри“ не се засметани трошоците за озвучување и дополнително осветлување.

Член 7

Решение за одобрување за користење на затворени простори издава Градоначалникот врз основа на барање поднесено од организаторот на изборната кампања.

Кон барањето се приложува уплата на пресметаниот износ за бараната локација.

Член 8

За регулирање на правата и обврските за користење на затворени простори се склучува договор меѓу сопственикот и корисникот.

Член 9

Со донесувањето на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за утврдување на местата и начинот на бесплатно плакатирање на подрачјето на Општина Велес објавена во „Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 5/02.

Член 10

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето и ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-592/10
02.02.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

10.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок донесување Програма за работа на Советот на Општина Велес за 2009 година

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за работа на Советот на Општина Велес за 2009 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.01.2009 година.

Број 08-630/3
04.02.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.01.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување Програма за работа на Советот на Општина Велес за 2009 година

1. Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за работа на Советот на Општина Велес за 2009 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-592/5
02.02.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/02), член 45 од Статутот на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06,) и член 134 од Деловникот на Советот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/07),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.01.2009 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за работа на Советот на Општина Велес за 2009 година

Квартален извештај на Општина Велес
Изготвувач: Одделение за финансирање, Буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот
Предлагач: Градоначалник
Р о к: I-во тромесечие
II -ро тромесечие
III -то тромесечие
IV -то тромесечие

Завршна сметка на Општина Велес за 2008 година.
Изготвувач: Одделение за финансирање, Буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот
Предлагач: Градоначалник
Р о к: I-во тромесечие

Завршна сметка за 2008 година на јавните служби основани од општината
Изготвувач: Јавната служба
Предлагач: Јавната служба
Р о к: I-во тромесечие

Годишен извештај за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Велес за 2008 година
Изготвувач: Одделение за правни и општи работи, човечки ресурси и месна самоуправа
Предлагач: Градоначалник
Рок: I-тромесечие

Годишна програма за работа за 2009 година на јавните служби основани од општината
Изготвувач: Јавната служба
Предлагач: Јавната служба
Рок: I-во тромесечие

Програма за урбанистички планови
Изготвувач: Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина
Предлагач: Градоначалник
Рок: I-во тромесечие

Информација за воспитно-образовниот процес за првото полугодие од учебната 2008/2009 година во општинските основни и средни училишта
Изготвувач: Одделение за образование, култура, здравство, социјална заштита, спорт и соработка со здруженија на граѓани и фондации
Предлагач: Градоначалник
Рок: I-во тромесечие
Извештај за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2008 година.
Изготвувач: Одделение за комунална инфраструктура
Предлагач: Градоначалник
Рок: I -во тромесечие
Полугодишен извештај за работата на ЈП
Изготвувач: јавното претпријатие
Предлагач: јавното претпријатие
Рок: I и III -то тромесечие

Извештај од реализираните активности (шест месечен) од областа на делегирани надлежности
Изготвувач: Здружение на граѓани/ физичко лице
Предлагач: Здружение на граѓани/ физичко лице
Рок: I и IV -то тромесечие

Извештај за работата на Фондацијата"Коле Неделковски" Велес за 2008 г. Изготвувач: Управниот одбор на Фондацијата
Предлагач: Управниот одбор на Фондацијата
Рок: I-во тромесечие

Програма за работата на Фондацијата "Коле Неделковски" Велес за 2009 г.
Изготвувач: Управниот одбор на Установата
Предлагач: Управниот одбор на Установата
Рок: I-во тромесечие

Годишен извештај за извршена дератизација на територијата на Општина Велес
Изготвувач: ЗЗЗ
Предлагач: Градоначалник
Рок: I-во тромесечие

Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2008/2009 година на Општинските средни училишта и општинските основни училишта
Изготвувач: ОСУ и ООУ
Предлагач: ОСУ и ООУ
Рок: III-то тромесечие

Годишни програми за работа на ОСУ и ООУ Велес за 2009/2010 година
Изготвувач: ОСУ и ООУ
Предлагач: ОСУ и ООУ
Рок: III-то тромесечие

Одлука за доделување 9-то Ноемвриски награди и признанија на Општина Велес за 2008 година
Изготвувач: Комисија за општествени дејности
Предлагач: Комисија за општествени дејности
Рок: III-то тромесечие
Одлука за доделување награда за животно дело „Гемиции" за 2009 година
Изготвувач: Комисија за општествени дејности
Предлагач: Комисија за општествени дејности
Рок: III-то тромесечие

Одлука за доделување Актерска награда за животно дело „Петре Прличко" за 2009 година
Изготвувач: Комисија за општествени дејности
Предлагач: Комисија за општествени дејности
Рок: IV-то тромесечие

Буџет на Општина Велес за 2010 година.
Изготвувач: Одделение за финансирање, Буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот
Предлагач: Градоначалник
Рок: IV-то тромесечие

Одлука за извршување на Буџетот на општината Велес за 2010 година.
Изготвувач: Одделение за финансирање, Буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот
Предлагач: Градоначалник
Рок: IV-то тромесечие

Програма за работа на Советот на Општина Велес во 2010 година.
Изготвувач: Одделение за правни, општи работи и месна самоуправа
Предлагач: Совет на Општина Велес
Рок: IV-то тромесечие

Програма за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој во 2010 година.
Изготвувач:Одделение за економски развој и информатичка технологија
Предлагач: Градоначалник
Рок: IV-то тромесечие

Програма за одбележување на годишнини на значајни настани и личности во 2010 година.
Изготвувач: Одделение за образование, култура, здравство, социјална заштита, спорт и соработка со здруженија на граѓани и фондации
Предлагач: Градоначалник
Рок: IV-то тромесечие

Програма за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2010 година.
Изготвувач: Одделение за образование, култура, здравство, социјална заштита, спорт и соработка со здруженија на граѓани и фондации
Предлагач: Градоначалник
Рок: IV-то тромесечие

Програма за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2010 година.
Изготвувач: Одделение за образование, култура, здраство, социјална заштита, спорт и соработка со здруженија на граѓани и фондации
Предлагач: Градоначалник
Рок: IV-то тромесечие

Програма за активностите на Општина Велес за поддршка на НВО секторот во 2010 година.
Изготвувач: Одделение за образование, култура, здраство, социјална заштита, спорт и соработка со здруженија на граѓани и фондации
Предлагач: Градоначалник
Рок: IV-то тромесечие

Програма за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита во 2010 година.
Изготвувач: Одделение за образование, култура, здравство, социјална заштита, спорт и соработка со здруженија на граѓани и фондации
Предлагач: Градоначалник
Рок: IV-то тромесечие
Програма за активностите на Општина Велес во областа образованието во 2010 година.
Изготвувач: Одделение за образование, култура, здравство, социјална заштита, спорт и соработка со здруженија на граѓани и фондации
Предлагач: Градоначалник
Рок: IV-то тромесечие

Програма за активностите на Општина Велес во областа за заштита и спасување и противпожарна заштита во 2010 година.
Изготвувач: Одделение за правни, општи работи
и месна самоуправа
Предлагач: Градоначалник
Рок: IV-то тромесечие

Програма за активностите на Општина Велес во областа на промоција и комуникација со јавноста во 2009 година.
Изготвувач: Одделение за правни, општи работи
и месна самоуправа
Предлагач: Градоначалник
Рок: IV-то тромесечие
Програма за активностите на Општина Велес во областа на меѓународната соработка во 2010 година.
Изготвувач: Одделение за правни, општи работи и месна самоуправа
Предлагач: Градоначалник
Рок: IV-то тромесечие

Програма за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес во 2009 година.
Изготвувач: Сектор за урбанизам,комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина
Предлагач: Градоначалник
Рок: IV-то тромесечие

Програма за изработка на урбанистички планови и урбанистичка документација за населени места во 2010 година.
Изготвувач: Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина
Предлагач: Градоначалник
Рок: IV-то тромесечие

Програма за зимско одржување на улици и патишта за 2009/2010 година.
Изготвувач: Одделение за комунална инфраструктура,
Предлагач: Градоначалник
Рок: IV-то тромесечие\

Извештај за работата на организациониот одбор за 2009 година на културните манифестации основани од Советот на Општина Велес

Изготвувач: Организационен одбор на Установата
Предлагач: Организационен одбор на Установата
Р о к: IV-то тромесечие

И з в е ш т а ј з а р а б о т а т а н а организационите одбори за 2009 година на културните манифестации основани од Советот на Општина Велес
Изготвувач: Организационен одбор на Установата
Предлагач: Организационен одбор на Установата
Р о к: IV-то тромесечие

План за работа на ЈКП„ Дервен„ за 2010 година
Изготвувач: ЈКП „Дервен“
Предлагач: ЈКП„Дервен“
Р о к: IV-то тромесечие

Годишен извештај за работата на јавните служби во 2009 година.
Изготвувач: јавното претпријатие
Предлагач: јавното претпријатие
Р о к: IV-то тромесечие

Програма за јавна чистота за 2010 година.
Изготвувач: Одделение за комунална инфраструктура
Предлагач: Градоначалник
Р о к: IV -то тромесечие

Програма за уредување и одржување на градското зеленило за 2010 година
Изготвувач: ЈКП „Дервен“
Предлагач: ЈКП „Дервен“
Р о к: IV -то тромесечие

Покрај вака планираното согласно оваа Програма за работа на Советот, во текот на годината Советот на Општина Велес донесува и повеќе одлуки, информации , извештаи и решенија и други акти во согласност со настанатите потреби.

Број 07-592/5
02.02.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
Славчо Чадиев с.р.

11.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за разгледување на Информацијата за бројот на завршени осмоодделенци и запишани во средните училишта во учебната 2008/09 година со податоци за запишани осмоодделенци од други општини во средните училишта во Општина Велес

Се објавува Заклучокот за разгледување на Информација за бројот на завршени осмооделенци и запишани во средните училишта во учебната 2008/09 година со податоци за запишани осмоодделенци од други општини во средните училишта во Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.01.2009 година.

Број 08-630/4
04.02.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.01.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за разгледување Информација за бројот на завршени осмоодделенци запишани во средните училишта во учебната 2008/09 година со податоци за запишани осмоодделенци од други општини во средните училишта во Општина Велес

1. Советот на Општина Велес ја разгледа Информацијата за бројот на завршени осмоодделенци запишани во средните училишта во учебната 2008/09 година со податоци за запишани осмоодделенци од други општини во средните училишта во Општина Велес.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-592/6
02.02.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

12.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за прифаќање на Иницијативата за измена и дополнување на Статутот на Општина Велес

Се објавува Заклучокот за прифаќање на Иницијативата за измена и дополнување на Статутот на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.01.2009 година.

Број 08-630/5
04.02.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.01.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за прифаќање на Иницијатива за измена и дополнување на Статутот на Општина Велес

1. Советот на Општина Велес ја прифати Иницијативата за измена и дополнување на Статутот на Општина Велес, поведена од Градоначалникот на Општина Велес.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-592/7
02.02.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

13.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за прифќање на Иницијатива за измена и дополнување на Деловникот на Советот на Општина Велес

Се објавува Заклучокот за прифаќање на Иницијатива за измена и дополнување на Деловникот на Советот на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.01.2009 година.

Број 08-630/6
04.02.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.01.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за прифаќање на Иницијатива за измена и дополнување на Деловникот на Советот на Општина Велес

1. Советот на Општина Велес ја прифати Иницијативата за измена и дополнување на Деловникот на Советот на Општина Велес, поведена од Градоначалникот на Општина Велес.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-592/8
02.02.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

14.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за не усвојување на Годишен извештај за примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер за 2008 година

Се објавува Заклучокот за не усвојување на Годишен извештај за примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер за 2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.01.2009 година.

Број 08-630/9
04.02.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),
Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.01.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за не усвојување на Годишен-извештај за примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер за 2008 година

1. Советот на Општина Велес не го усвои Годишниот-извештај за примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер за 2008 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-592/11
02.02.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

15.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за не усвојување на Извештај за новите вработувања во ЈКП „Дервен“

Се објавува Заклучокот за не усвојување на Извештај за новите вработувања во ЈКП „Дервен“, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 30.01.2009 година.

Број 08-630/10
04.02.2009 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),
Советот на Општина Велес на седницата одржана на 30.01.2009 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за не усвојување на Извештај за новите вработување во ЈКП „Дервен“

1. Советот на Општина Велес не го усвои Извештајот за новите вработувања во ЈКП „Дервен“.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 07-592/12
02.02.2009 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Славчо Чадиев с.р.

16.

Врз основа на член 78 од Изборен законик (“Службен весник на РМ” бр.40/06) и член 50, став 1, точка 16 од Закон за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.05/02),

Градоначалникот на Општина Велес

О Б Ј А В У В А

утврдување на места на кое е дозволено да се истакнуваат изборни плакати со обезбедени еднакви услови за сите организатори на изборната кампања учесници во претседателските и локалните избори во 2009 година

I. Локации за поставување на изборни плакати

А. ЗАКАЧУВАЊЕ НА ИЗБОРНИ ПЛАКАТИ НА ЕЛЕКТРИЧНИ СТОЛБОВИ, СТОЛБОВИ ЗА УЛИЧНА РАСВЕТА И ДРВЕНИ СТОЛБОВИ СО ДИМЕНЗИИ 0,50 х 0,70 м. ЧИСТА ВИСИНА НА ПОСТАВУВАЊЕ - 2,60 м. ОД ДОЛНАТА ИВИЦА НА ПАНОТО

1. На ул.”Алексо Демниев” на потегот од Бензиската пумпа до крстосницата кај пошта на 16 столба за улично осветлување.

2. На ул.”Петре Прличко” (левиот брег на р.Вардар) на дрвениот столб кај стакларската работилница и на 10 дрвени столба на левата страна на улица “Петре Прличко” сметајќи од Стариот мост спрема Градското пазариште.

3. На 2 столба на ул.”Иво Лола Рибар” во вкрстосувањето со ул.”Петре Прличко” и на 5 дрвени столба на ул.”Петре Прличко” од десната страна после вкрстосувањето со ул. ”Иво Лола Рибар”.

4. На ул.”Димитар Влахов” од раскрсницата со Новиот мост во правец на Железниот мост на 26 столба за улично осветлување.

5. На ул.”Гоце Делчев” на 9 дрвени столба.

6. На ул.”Страшо Пинџур” на 2 столба за улично осветлување и 3 дрвени столба.

7. На ул.”Благој Ѓорев” од раскрсницата кај Пошта до раскрсницата на ул.”Благој Ѓорев” со ул.”Ленинова” на преку 50 столбови за улично осветлување, а понатаму се до “Тунел 2” на дрвени столбови на улицата движејќи се кон Тунелот.

8. На ул.”Моша Пијаде” од раскрсницата кај Општината па се до Топилницата на сите столбови за улично осветлување.

9. На улицата кон Железничка станица од раскрсницата кај Општината па се до Железничката станица на сите столбови за улично осветлување и сите дрвени столбови.

10. На ул.”Вардарска” кај “Ветекс”.

11. На ул.”Благој Ѓорев” по целата должина на бетонската ограда над подземните гаражи и на бетонскиот ѕид од скалите спрема раскрсницата кај трговскиот центар во Населба.

12. Паркинг плац кај стара аптека, на потпорниот ѕид на ул.”Коле Неделковски”.

13. На ул.„Маршал Тито“ на потпорниот ѕид од десната страна под Градскиот саат па до почетокот на дуќаните.

14. На ул. „Маршал Тито“ на делот кон Долни дуќани на ѕидот од скривниците.

15. На ул. „Димитар Влахов“ на потпорниот ѕид од плоштадот „Варналиеви“

16. На ул. „Васил Ѓоргов“ на потпорниот ѕид од скаличките кон плоштад „Којник“

Б. ПОСТАВУВАЊЕ НА МОНТАЖНО-ДЕМОНТАЖНИ ПАНОА СО СОПСТВЕНА НОСЕЧКА КОНСТРУКЦИЈА ИЛИ СО КОНСТРУКЦИЈА ЗА ЗАКАЧУВАЊЕ НА ЈАВНА ОГРАДА СО МАКСИМАЛНА ДИМЕНЗИЈА 1,0 х 2,0 м

1. На новото двонаменско засолниште пред Основниот суд повеќе подвижни паноа (за секој организатор на изборната кампања по едно место).

2. На улица “Маршал Тито”, а пред поранешна -Стоковна куќа на растојание од 1,20 м. од излогот во целата негова должина покретни паноа. Во слободниот простор помеѓу поранешна-Стоковна куќа и првата станбена зграда на Комплексот “Чешел”-покретни паноа слободно поставени (за секој организатор на изборната кампања по едно).

3. Просторот на ул. ”Маршал Тито” од левата страна на скалите кон ул.”Владимир Назор”.

4. На ул. ”Маршал Тито” од левата страна во правец на Стариот мост кај паркчето до поставеното бетонско пано посебно на покретни паноа паралелно со улицата надвор од тротоарот на тревникот од паркчето.

5. Оградата над потпорниот ѕид на ул.”Димитар Влахов” како подлога за закачување на паноа во должина од 0,70м, а висина 0,80м.

6. Потпорниот ѕид на ул.”Благој Ѓорев” јужно од раскрсницата со улица “Ленинова” во целата должина (100м) на оградата.

Дополнителните места - на билборди и сити лајтови за истакнување на изборни плакати со надоместок, организаторите на изборната кампања ќе можат да ги користат со претходен договор непосредно со Националната рекламна агенција ДООЕЛ “Акцент Медија” - Скопје на телефон: 02 31 35 449.

II.Начин на доделување на локациите за поставување на изборни плакати

Утврдените локации во точките А и Б за поставување на изборни плакати се без надоместок.

Општината ќе го изврши одбележувањето на местата за поставување на изборните плакати за секој подносител на листи поодделно.

Одбележувањето ќе се изврши рамноправно за сите учесници во изборната кампања.

Изборни плакати можат да се истакнуваат и на станбени или други приватни објекти, со претходна согласност од сопственикот на објектот.

Не е дозволено истакнување на плакати од кампањата на објектите каде се наоѓа гласачкото место или просторијата каде што се спроведува гласањето.

Не се дозволува лепење на изборни плакати на фасади, културно-историски споменици, спомен обележја, бисти, платанови стебла и останати стебла на дрвјата од централно градско подрачје.

Во населените места во Општина Велес се дозволува лепење на изборни плакати на слободни површини погодни за таква намена, односно на станбени или други приватни објекти со претходна `согласност (одобрение) од сопственикот на објектот.

Согласно Одлуката за утврдување на начинот, локациите, условите, критериумите и висина на комуналната такса за користење на објекти од комуналната инфраструктура – јавно прометни површини и затворени простори за одржување на јавни собири и други манифестации во рамките на предизборната кампања на организатори на изборната кампања на подрачјето на Општина Велес (“Службен гласник на Општина Велес”бр.2/09) не се дозволува поставување на изборни плакати на рекламните столбови поставени на подрачјето на Општината.

Уништување на изборни плакати или лепење плаката врз плаката на други организатори на изборната кампања е забрането.

Организаторот на изборната кампања е должен во рок од 30 дена по завршувањето на изборите да го отстрани сметот од плакатите.

Не придржувањето кон утврдените места и определените услови повлекува казна за сторен прекршок според казнените одредби од Изборниот законик (“Службен весник на РМ”бр.40/06).

Објавата да се истакне на јавни места и да се достави до информативните гласила.

Напомена: На столбовите за улично осветлување на кои има истакато реклами објави-табли на (Твоја аптека и Прокредит банка др.) не е дозволено истакнување на изборни плакати.

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски

Бр на акт **Страница**

6	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2009 година** **ОДЛУКА за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2009 година**	7
7	**З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за утврдување на Нацрт-изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Велес, локалитет-дел од Урбана единица 7 „Алексо Демниевски“, дел од урбан блок 38 - Општина Велес (2008-2013)** **О Д Л У К А за утврдување на Нацрт-изменување и дополнување на Детален урбанистички план за дел од Велес, локалитет дел од урбана единица 7 „Алексо Демниевски“, дел од урбан блок 38 – Општина Велес (2008-2013)**	8
8	**З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за донесување Детален урбанистички план Урбан блок 8 - Општина Велес (2008-2013)** **О Д Л У К А за донесување Детален урбанистички план, Урбан блок „8“- Општина Велес (2008-2013)**	8
9	**З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за утврдување на начинот, локакциите,условите, критериумите и висина на комуналната такса за користење на објекти од комуналната инфраструктура – јавно прометни површини и затворени простори за одржување на јавни собири и други манифестации во рамките на предизборната кампања на организатори на изборната кампања на подрачјето на Општина Велес** **О Д Л У К А за утврдување на начиниот, локациите, условите, критериумите и висина на надоместокот за користење на објекти од комуналната инфраструктура – јавно-прометни површини и затворени простори за одржување на јавни собири и други манифестации во рамките на предизборната кампања на организатори на изборната кампања на подрачјето на Општина Велес**	10
10	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок донесување Програма за работа на Советот на Општина Велес за 2009 година** **З А К Л У Ч О К за донесување Програма за работа на Советот на Општина Велес за 2009 година** **П Р О Г Р А М А за работа на Советот на Општина Велес за 2009 година**	11

Бр на акт **Страница**

11	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за разгледување на Информацијата за бројот на завршени осмоодделенци и запишани во средните училишта во учебната 2008/09 година со податоци за запишани осмоодделенци од други општини во средните училишта во Општина Велес** **З А К Л У Ч О К за разгледување Информација за бројот на завршени осмоодделенци запишани во средните училишта во учебната 2008/09 година со податоци за запишани осмоодделенци од други општини во средните училишта во Општина Велес**	**14**
12	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за прифќање на Иницијативата за измена и дополнување на Статутот на Општина Велес** **З А К Л У Ч О К за прифаќање на Иницијатива за измена и дополнување на Статутот на Општина Велес**	**15**
13	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за прифќање на Иницијатива за измена и дополнување на Деловникот на Советот на Општина Велес** **З А К Л У Ч О К за прифаќање на Иницијатива за измена и дополнување на Деловникот на Советот на Општина Велес**	**15**
14	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за не усвојување на Годишен извештај за примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер за 2008 година** **З А К Л У Ч О К за не усвојување на Годишен-извештај за примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер за 2008 година**	**16**
15	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за не усвојување на Извештај за новите вработувања во ЈКП „Дервен“** **З А К Л У Ч О К за не усвојување на Извештај за новите вработување во ЈКП „Дервен“**	**16**
16	**О Б Ј А В У В Аутврдување на места на кое е дозволено да се истакнуваат изборни плакати со обезбедени еднакви услови за сите организатори на изборната кампања учесници во претседателските и локалните избори во 2009 година**	

Издавач: Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00